Одлука бр.10

**Управниот одбор на Македонската тениска федерација** на својата седница одржана на ден 02.04.2018 година донесе

# ОДЛУКА
## за организација на турнирите од ПРОЕКТОТ ДЕТСКИ ТЕНИС
## црвени, портокалови и зелени турнири
## (календар, организација, котизација, учество)

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202-11-6
02.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

**I. Календар, организација**

Член 1

ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири се организираат за поттикнување на најмладите тенисери кон натпреварувачкиот тенис.
Календарот за ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири е во надлежност на Комитет за развој на МТФ.
Тенискиот клуб организатор на ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис), ЦРВЕНИ (мини тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири ја превзема целокупната организација на турнирот и се во целосно покровителство и надзор на Комитетот за развој на МТФ.

**II. Регистрација**

Член 2

За регистрација, односно издавање годишна членска карта за учество на ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири секој член или неговиот клуб е должен да плати такса на МТФ во износ од 300,00 денари.

**III. Котизации кои ги плаќаат тениските клубови кон МТФ**

Член 3

- Котизацијата за организација на ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЦРВЕНИ (мини тенис) турнири изнесува 4.000,00 денари.
- Котизацијата за организација на ЗЕЛЕНИ ТУРНИРИ турнири изнесува 6.000,00 денари.

Член 4

Тениските клубови кои се организатори на турнирите од ПРОЕКТОТ ДЕТСКИ ТЕНИС должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на МТФ наредниот ден по завршувањето на турнирот.

Член 5

МТФ назначува делегат/врховен судија. МТФ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на МТФ.
Клубот организатор назначува 2 помошници на делегатот/врховен судија. Помошник на овие турнири може да биде секој тренер едуциран за мини тенис во клубот организатор. Исплатата на помошниците ја врши клубот организатор на турнирот.

**IV. Котизации кои ги плаќаат натпреварувачите кон тенискиот клуб организатор на турнирот**

**Член 6**

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на ЦРВЕНИ (мини тенис) и ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) турнири изнесува:
  - За турнири од зимскиот календар 300,00 денари.
  - За турнири од летниот календар 200,00 денари.
- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на ЗЕЛЕНИ турнири изнесува:
  - За турнири од зимскиот календар 600,00 денари.
  - За турнири од летниот календар 400,00 денари.

**Член 7**

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2018 година.

**Македонска Тениска Федерација**
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

Скопје, 02.04.2018 година

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
СКОПЈЕ